

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.27, МЕСЕЦ
ДЕКЕМВРИ 2020

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КАКО ДЕЛ ОД КОМУНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОД. СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ВОДОВОДНА ЛИНИЈА (МОМЕНТАЛНО АЗБЕСТ) ВО ДОЛЖИНА ОД 50М. ПОСТАВЕНО Е ЦРЕВО Ф63 И ЌЕ СЕ ИЗВРШАТ ПРИКЛУЧОЦИ НА ОБЈЕКТИТЕ НА НОВАТА ЛИНИЈА. ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ





КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2020 ГОДИНА, СЕ ЗАПОЧНА СО ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ГЛИШИЌ . СЕ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА ВО ДОЛЖИНА ОД 120М, Ф400 И АТМОСФЕРСКА ВО ДОЛЖИНА ОД 400М, Ф400. ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ.



ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА БЕА ЗАСАДЕНИ 15 РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА ЗЕЛЕНИ ГРМУШКИ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД СЕ ПЛАНИРА ДА СЕ ЗАСАДАТ УШТЕ 100 РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ СО ТОА ШТО ОВОЈ ПАРК ПОЛЕКА БИ ПРЕМИНАЛ ВО ЕДЕН ВИД БОТАНИЧКА ГРАДИНА. ОВА НЕКА БИДЕ И ПОВИК ДО СИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА РАСТЕНИЈАТА, ДОКОЛКУ ИМААТ НЕКОЈ РЕДОК ВИД, МОЖАТ ДА ПРИДОНЕСАТ ЗА РАЗВОЈОТ НА ОВАА БОТАНИЧКА ГРАДИНА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТОТ ЗА НОВА НИСКОНАПОНСКА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБАТА „БЕЛ КАМЕН". АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ПОСТАВИ ЛИНИЈА НА МРЕЖАТА ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 1000 МЕТРИ.

НА ДЕЛНИЦИ ОД УЛИЦИТЕ „БЕЛ КАМЕН" И „8-МИ СЕПТЕМВРИ" ПОСТАВЕНИ СЕ ВКУПНИ 28 МЕТАЛНИ КАНДЕЛАБРИ ОД КОИ 5 СО ВИСИНА ОД 8МЕТРИ И 23 СТОЛБОВИ ОД 5 МЕТРИ. НА ИСТИТЕ СЕ ВГРАДЕНИ ЕКОЛОШКИ ЛЕД СВЕТИЛКИ СО ЈАЧИНА ОД 30 Ѕ.

ОВА БЕШЕ ПОСЛЕДНАТА ОД ПРОЕКТИРАНИТЕ 17 ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ КАДЕ СО НОВИ ЛИНИИ СЕ ИНТЕРВЕНИРАШЕ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА НИСКОНАПОНСКАТА МРЕЖА И СИТЕ ОСТАНАТИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА 17 ЛОКАЦИИ ОПШТИНАТА ПОСТАВИ ВКУПНО 420 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА МЕЃУ 4 И 10 МЕТРИ, КАКО И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ СО РАЗЛИЧНА ЈАЧИНА, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТЕРЕНОТ. ВО НОВАТА МРЕЖА СЕ ВГРАДИЈА 12.000 МЕТРИ НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛ ВКОПАН ВО ЗЕМЈА. ОСВЕН ОВА Е ИЗВРШЕНА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА 800 ПОСТОЈНИ СВЕТИЛКИ.

КРАЈНАТА ЦЕЛ НА ОПШТИНАТА, ПРЕКУ ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ Е ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА МОНИТОРИНГ И УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

ВОЕДНО НА КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И НА ЕВН МАКЕДОНИЈА, ИМ ОВОЗМОЖИ ВО РОВОВИТЕ ДА ПОСТАВАТ НИВНИ ИНСТАЛАЦИИ, СО ЦЕЛ ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ ДА СЕ ОСЛОБОДАТ ОД ВОЗДУШНИТЕ ВОДОВИ И СТАРИТЕ ДРВЕНИ БАНДЕРИ.

ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ВО ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ИНВЕСТИРАШЕ 53 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СОГЛАСНО ПЛАНОТ ЗА ПОШУМУВАЊЕ 2018-2021 И ОВАА ЕСЕН СЕ ЗАПОЧНА СО ПОШУМУВАЊЕ. ОВА Е ТРЕТА ЕСЕНСКА АКЦИЈА СО КОЈА СЕ ОПФАТЕНИ ДОЛОВИ ОДНОСНО ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА ОКОЛУ ГРАД КАВАДАРЦИ. ОВАА ЕСЕН ЌЕ БИДАТ ПОСАДЕНИ 10.000 САДНИЦИ ОД ЧЕМПРЕС НА М.В. ЖУРОВ ДОЛ С.ВАТАША КОЈ СЕ НАОЃА НА ИСТОЧНАТА СТРАНА ОД ГРАДОТ, ИСТИОТ СЕ ОДЛИКУВА СО МНОГУ ТЕЖОК И СТРМЕН ТЕРЕН И ПОДЛОЖЕН НА ЕРОЗИЈА. ЦЕЛТА НА ОВА ПОШУМУВАЊЕ Е ДА СЕ ОЗЕЛЕНИ ОВАА ПОВРШИНА И ДА СЕ НАМАЛИ ЕРОЗИЈАТА НА ОВАА ПОВРШИНА. ОВАА АКЦИЈА Е ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ПОДРУЖНИЦА БОР КАВАДАРЦИ, ОВАА ГОДИНА ВО ИСТАТА ЗЕМАА УЧЕСТВО КОЖУВЧАНКА, ЈП КОМУНАЛЕЦ, ЕРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ И ЕКОЛОШКОТО ДРУШТВО ЕКО ТИСОВЕЦ ОД С.ВОЗАРЦИ.



1ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА КОЛОВОЗОТ НА УЛ.„НАЌО ЛАЗОВСКИ". НОВ СЛОЈ АСФАЛТ Е ПОСТАВЕН ВО ДОЛЖИНА ОД 220 МЕТРИ. СПОРЕД ПЛАНОТ НА ОПШТИНАТА ПРЕТХОДНО БЕШЕ ОТСТРАНЕТ СТАРИОТ АСФАЛТ А ПОТОА СЛЕДЕШЕ ТАМПОНИРАЊЕ.

ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ЈАВНАТА НАБАВКА НА ОПШТИНАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И НА КОЛОВОЗНАТА ПОВРШИНА НА УЛ.„ИВО АНДРИЌ" И УЛ.„ДОНЕ ПОПОВ" СПОЈ СО УЛ.„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ". ВРЕДНОСТА НА ОВАА ЈАВНА НАБАВКА ИЗНЕСУВА 5.535.000 ДЕНАРИ. ПРЕТХОДНА КАКО ДЕЛ ОД ОВОЈ ТЕНДЕР СЕ ИЗВРШИ ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.„ДИСАНСКА".



КАВАДАРЦИ ДОБИ УШТЕ ЕДНА УРБАНИЗИРАНА УЛИЦА. ВО НАСЕЛБАТА „ПАРК" НАД ГРАДСКИОТ СТАДИОН ОПЕРТАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ. „ВУКО КАРОВ". СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА, СЕ ВРШАТ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ДЕЛНИЦАТА ОД СПОЈОТ СО УЛ. „ДИСАНСКА" ДО ОКОЛНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ. СЕ ПОПЛОЧУВА ПОВРШИНА ОД 600 МЕТРИ КВАДРАТНИ СО ПОСТАВУВАЊЕ БЕХАТОН КОЦКИ.
ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗВРШЕНО ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРАСАТА, ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ.



ЗАВРШЕНА Е РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УШТЕ ЕДЕН КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ НА ОПШТИНАТА. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАТКА ДЕЛНИЦА ОД УЛ. „НАЌО ЛАЗОВСКИ.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ СЕ РЕВИТАЛИЗИРАШЕ ДЕЛОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ" ДО СПОЈОТ СО ЗАДНИОТ ДВОР НА ООУ „ТОШО ВЕЛКО-ПЕПЕТО" ВО КАВАДАРЦИ.
ПРЕТХОДНО НА ИСТАТА ДЕЛНИЦА БЕА ПОСТАВЕНИ НОВИ РАБНИЦИ НА ЕДНАТА СТРАНА ОД КОЛОВОЗОТ И БЕШЕ ИЗГРЕБАН И ОТСТРАНЕТ СТАРИОТ АСФАЛТ.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ОБЕЗБЕДИ ОБНОВЕН И ПОБЕЗБЕДЕН ПРИСТАП НА УЧЕНИЦИТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДЕЖНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ПАВЕР ТРЕЈД" ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ПРОБИВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛИЦАТА „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" НАСПРОТИ ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЧЕРА И ДЕНЕСКА СЕ ОФОРМУВА ПОВРШИНАТА НА ИДНИОТ ТРОТОАР И СЕ ПОСТАВУВААТ РАБНИЦИ. ТРОТОАРОТ СЕ НАОЃА НА ДЕСНАТА СТРАНА ОД КОЛОВОЗОТ НА ПОТЕГОТ ОД НОВОПРОБИЕНЕТА ТРАСА ДО СПОЈОТ СО УЛИЦАТА „ВИШЕШНИЦА" ВО ПРАВЕЦ НА СПОРТСКАТА САЛА „ЈАСМИН".
НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЛЕДИ ТАМПОНИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ.
ВО ОВАА ФАЗА ПАРАЛЕЛНО СЕ РАБОТИ И НА РОВОТ ЗА ПОДЗЕМНАТА НИСКОНАПОНСКА МРЕЖА ОД ЈАВНОТО УЛЧИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. НА ОВАА ДЕЛНИЦА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ СЕДУМ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ОСУМ ЛЕД СВЕТИЛКИ.
ОПШТИНАТА СО ОВОЈ ПРОЕКТ УРЕДУВА ЗНАЧАЈНА СООБРАЌАЈНИЦА СО КОЈА СЕ НАМАЛУВА СООБРАЌАЈНАТА ОПТОВАРЕНОСТ НА „РЕСАВСКА" И ОКОЛНИТЕ УЛИЦИ. ВОЕДНО ЈА ПОДОБРУВА И БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ЗАПАДНИОТ ВЛЕЗ ВО ГРАДОТ ОД ПРАВЕЦ НА ПРИЛЕП.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ЈП КОМУНАЛЕЦ КОМПЛЕТНО ГО ЗАВРШИ ПОСАДУВАЊЕТО НА ЦВЕЌЕ, ДРВА И ГРМУШКИ. ВО ОВАА ГОДИНА ПОСАДЕНИ СЕ 10,000 БРОЈА НА ЦВЕЌЕ, 600 БРОЈА НА ГРМУШКИ И 250 ДЕКОРАТИВНИ САДНИЦИ И ДРВЈА. СИТЕ ПОСАДЕНИ САДНИЦИ СЕ ЗАПИШАНИ ВО ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР. ЗА СЛЕДНАТА ГОДИНА СЕ ПЛАНИРАНИ ИСТО ТАКА ГОЛЕМ БРОЈ НА САДНИЦИ СО ШТО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИСПИШУВА ЕДНА ПОИНАКВА ПРИКАЗНА ВО ХОРТИКУЛТУРАТА.



ВИНОТО КАКО СИМБОЛ НА НАШИОТ ГРАД, ИНСПИРАЦИЈА ЗА НОВА ФОНТАНА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ СЕГА ИМА СОСЕМА ПОИНАКОВ ЛИК. ФОНТАНАТА НА ВИНОТО ВЕЌЕ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ФОНТАНАТА ВО ОБЛИК НА ЧАША ЗА ВИНО И ЦРВЕНАТА ВОДА КОЈА ГО ПРЕТСТАВУВА ВИНОТО ГО РАЗУБАВУВА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ДОУРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАКО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ГРАДЕЖНАТА ОПЕРАТИВА „ПАВЕР ТРЕЈД" ОД КАВАДАРЦИ ЗАВРШИ СО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОТОАР НА УЛИЦА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР НАСПРОТИ ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА. СО ОВА СЕ ПРОДОЛЖИ ТРОТОАРОТ ОД НОВО ПРОБИЕНИОТ ЗАПАДЕН БУЛЕВАР И ПЕШАЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ДВИЖАТ ПО ОСВЕТЛЕН ТРОТОАР ОД МЕСНОСТА КОЊСКИ ДУПКИ ДО СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАСМИН ПА СЕ ДО ИЗЛЕЗОТ НА ГРАДОТ СПРЕМА РОСОМАН



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБРА. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ НА УЛИЦАТА „ЦРНОРЕЧКА".

СЕ РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА ДВЕТЕ СТРАНИ ОД УЧЛИЦАТА СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 340 КВАДРАТНИ МЕТРИ.

СО ОВОЈ ЗАФАТ ОПШТИНАТА ОВОЗМОЖУВА ПОСИГУРНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ ПО НОВОПРОБИЕНАТА ДЕЛНИЦА ОД УЛИЦАТА НА СПОЈОТ МЕЃУ „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" (КАЈ ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА) И СПОЈОТ СО УЛИЦАТА „ЃОРЕ БРУШАНСКИ".

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ НЕГОТИНО, НА НЕГОТИНСКАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА КОЈА МИНУВА ПО УЛ.МЕТОДИ ЏУНОВ ЏИКОТ. ПОКРАЈ ОВА ПАРАЛЕЛНО СЕ САНИРААТ СИТЕ ОШТЕТЕНИ КАНАЛИЗАЦИИ И ВОДОВОДНИ ПРИКЛУЧОЦИ НА ЖИТЕЛИТЕ НА ОВАА УЛИЦА. ОВАА ИНТЕРВЕНЦИЈА БЕШЕ НЕОПХОДНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВАА УЛИЦА.



ГРАЃАНИТЕ НА КАВАДАРЦИ ДОБИВААТ НА КОРИСТЕЊЕ НОВ ТРОТОАР НА УЛ.„СТРАШО ПИНЏУР". ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ГРАДИ ТРОТОАР НА НАВЕДЕНАТА УЛИЦА НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ.„4-ТИ МАЈ".
ДЕНЕС ЗАПОЧНАА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ ПО ШТО ЌЕ СЛЕДИ ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ.
НА ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 500 МЕТРИ КВАДРАТНИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ БЕХАТОН ПЛОЧИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „АС МАШИНИ" ОД КАВАДАРЦИ.
ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПОГОЛЕМАТА ЈАВНА НАБАВКА СО КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПОПЛОЧУВАЊА НА УШТЕ НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ГРАДИ ТРОТОАР НА УЛ.„БЕЛАСИЦА" НА ПОТЕГОТ ПОМЕЃУ УЛ.„ПРЕСПА" И УЛ.„НАРОДНИ ХЕРОИ", ПОД СТАРИТЕ „ВАТАШКИ" ЗГРАДИ. ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ ЗАПОЧНАА ДЕНОВИВЕ, НАРЕДНА ФАЗА Е ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ.
НА ПОВРШИНА ОД 565 МЕТРИ КВАДРАТНИ НА ДВЕТЕ СТРАНИ ОД КОЛОВОЗОТ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ БЕХАТОН ПЛОЧИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПОГОЛЕМАТА ЈАВНА НАБАВКА СО КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПОПЛОЧУВАЊА ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „СЛОГА" КАДЕ ЌЕ СЛЕДИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ.„ПРЕСПА", УЛ.„АВАЛА", ДОДЕКА ПРЕТХОДНО КАКО ДЕЛ ОД ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ.„БРАЌА ЏУНОВИ".



ОСБСП КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО СВОИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ВО НОВАТА ГОДИНА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ ЉУПЧО ЛАЗОВ ГИ ПОСЕТИ ДЕЧИЊАТА ОД ГОЛЕМАТА ГРУПА ВО ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА" И ИМ ПОДАРИ НОВОГОДИШЕН ПОДАРОК – ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОБЛАСТА НА СООБРАЌАЈОТ.

ПОДАРОЦИТЕ ГИ ПРИМИ ДИРЕКТОРКАТА НА ГРАДИНКАТА ЦАНА ДОБРИНОВА , ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ, РИСТО САКАЛИЕВ , СОВЕТНИЧКАТА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ НАДИЦА ДАМОВА И КОРДИНАТОРКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ВО ГРАДИНКИТЕ „СОБРАЌАЈНО ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА", ДАНИЕЛА КИТЕВА И ХРИСТИНА КАМЧЕВА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ
СЕ ОДРЖА ВИНСКИ САЛОН ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ТИКВЕШКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ А ПОДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО КАКО И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ .
ПРОМОЦИЈА НА ВИНАТА ОД МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ И МОЖНОСТА ЗА РАЗВОЈ НА ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ИДНИНА.
НАСТАНОТ БЕШЕ ОДРЖАН СОГЛАСНО МЕРКИТЕ ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ ПРОПИШАНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО И СЗО.



РЕГИОНАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ - КАВАДАРЦИ БЕШЕ ДОМАЌИН И НА ВИНСКИ ФЕСТИВАЛ ОВОЈПАТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВИНОТЕК- КАВАДАРЦИ КОИ ЈУБИЛЕЈНО ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ГО ОРГАНИЗИРААТ НА ПРАЗНИКОТ СВ КЛИМЕНТ .
ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ОСТАНУВА ДА БИДЕ ПАРТНЕР НА СИТЕ ВИНАРСКИ ВИЗБИ СЕ СО ЦЕЛ ДА ГО ПРОМОВИРА ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕГИОНОТ












# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРВОТО БЕБЕ РОДЕНО ВО КАВАДАРЦИ Е ЖЕНСКО. НЕКА БИДЕ СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА ОВАА ГОДИНА. СОГЛАСНО ПРОТОКОЛИТЕ, ПОДАРОЦИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ ПОДАРИ ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРИШИРЕНА ДЕЈНОСТ КАВАДАРЦИ Г-ДИН ДИМЕ КОЦЕВ. ВО ТЕКОТ НА НОВОГОДИШНАТА НОЌ, ВЕДНАШ ПО ПОЛНОЌ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ГИ ПОСЕТИ СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО КОИ ДЕЛ ОД ВРАБОТЕНИТЕ БЕА ДЕЖУРНИ. КАКО БЛАГОДАРНОСТ ЗА ГРИЖАТА КОН ГРАЃАНИТЕ,НИВНОТО ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ИМ БЕА ПОДАРЕНИ ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ. БЕА ПОСЕТЕНИ ПРОТИВПОЖАРНАТА ТЕРИТОРИЈАЛНА ЕДИНИЦА КАВДРАЦИ, БРЗА ПОМОШ, ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ, ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА И ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА.









# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИ БЛАГОДАРНОСТ ОД ОПШТИНА МАКАРСКА ЗА ИСПРАТЕНАТА ПОМОШ ВО ТЕШКИТЕ МОМЕНТИ ВО КОИ СЕ НАОЃАА ЖИТЕЛИТЕ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ПОГОДЕНИ ОД СИЛНИТЕ ЗЕМЈОТРЕСИ. ПОМОШТА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ЕДНА ОД ПРВИТЕ ДОНАЦИИ КОИ БЕА ИСПРАТЕНИ ВО ХРВАТСКА. НИЕ СМЕ ОСОБЕНО ГОРДИ ШТО БЕВМЕ ВО МОЖНОСТ ДА ИМ ПРУЖИМЕ ПОМОШ НА НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ.

REPUBLIKA HRVATSKA
Splitsko-dalmatinska županija
**GRAD MAKARSKA**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ
Примено: 05.02.2021

| Организ. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 780/1 | | |

**Klasa:** 910-01/21-01/1
**Ur. broj:** 2147/01-01/4-21-1
**Makarska:** 18. siječnja 2021.

GRAD KAVADARCI
GRADONAČELNIK MITKO JANČEV

Poštovani gradonačelniče, poštovani kolega,

Nakon razornog potresa koji je u prosincu prošle godine pogodio područje Sisačko-Moslavačke županije i okolice, pažnja cijele Hrvatske pa tako i Makarske, i dalje je usmjerena na pomoć područjima pogođenim potresom. Novoosnovani stožer za obnovu potresom pogođenih područja radi 24 sata dnevno, a hrvatski građani, kao i dobri ljudi van naše Domovine, ne prestaju pomagati onima kojima je pomoć najpotrebitija.

U ovim iznimno teškim vremenima, u kojima nas je uz pandemiju pogodio i potres, i ovim putem Vam želim još jednom zahvaliti za pomoć koju ste našim sugrađanima, stanovnicima potresom razrušenih područja, pružili netom nakon potresa. Ne možemo zaboraviti poziv iz Kavadaraca koji je uslijedio samo nekoliko sati nakon potresa i u kojem ste nam nesebično ponudili pomoć. U samo jednom danu uspjeli smo organizirati dolazak 4 šlepera s vodom zahvaljujući veleposlanici RH u Republici Sjevernoj Makedoniji Nives Tiganj te našem Ministarstvu unutarnjih poslova. Ponosni smo što je upravo pomoć iz Kavadaraca, našeg grada prijatelja, bila prva međunarodna pomoć potresom razrušenim područjima.

U trenucima kada su stanovnici Banovine još uvijek bili u šoku, a organizirana pomoć tek počela stizati, pruženom rukom pokazali ste svoju nesebičnost, empatiju i zajedništvo te da na vas možemo računati i u najtežim trenutcima.

U ime Grada Makarske i svih njezinih građana, kao i u svoje osobno ime, još jednom veliko HVALA Vama i svim Vašim suradnicima koji su sudjelovali u ovoj hvalevrijednoj akciji.

S osobitim poštovanjem,

Gradonačelnik
Jure Brkan,dipl.oec.

REPUBLIKA HRVATSKA – SPLITSKO-DALMATINSKA ŽUPANIJA – GRAD MAKARSKA – GRADONAČELNIK

Obala Kralja Tomislava 1 – 21 300 Makarska – www.makarska.hr
telefoni: (021) 608 400; (021) 608 407; (021) 608 434; (021) 608 424 – telefax: (021) 612 046

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОЕКТОТ "ГО САКАМ КАВАДАРЦИ" -КНИГА ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ЗАПОЧНА НА 01.09.2020 ГОДИНА. СТАНУВА ЗБОР ЗА КНИГА КОЈА ЈА ДОБИВААТ МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОИ ВЛЕГУВААТ ВО ПОЛНОЛЕТСТВО.

ВО КНИГАТА Е СМЕСТЕНО БУКВАЛНО СЕ, ОД ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ И ФОТОГРАФИИ СЕ ДО ДЕНЕС, ДО ТОА КАКО СЕ ГРАДЕШЕ И ГРАДИ ЕДНО МОДЕРНО КАВАДАРЦИ. СО ПОМОШ НА КНИГАТА МЛАДИТЕ ЌЕ МОЖАТ И ПОБЛИСКУ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО СВОЈОТ РОДЕН ГРАД НО И ДА ИМ РАСКАЖУВААТ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ СПОРЕД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, КОЈ Е И ИНИЦИЈАТОР НА ОВОЈ ПРОЕКТ, Е МЛАДИТЕ КАВАДАРЧАНИ МНОГУ ПООДБЛИЗУ ДА СИ ГО ЗАПОЗНААТ СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ, ДА ДОЗНААТ МНОГУ ДЕТАЛИ И ФАКТИ ЗА ГРАДОТ, ОКОЛИНАТА,ДА ВИДАТ И ДА СЕ ПОТСЕТАТ КАКО ЖИВЕЕЛЕ НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ НИВНИТЕ БАБИ И ДЕДОВЦИ И КАКО КАВАДАРЦИ РАСТЕШЕ И СЕ РАЗВИВАШЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ПА ДО ДЕНЕС. И КАКО ШТО ПИШУВА ВО ВОВЕДОТ НА КНИГАТА :„„ГО САКАМ КАВАДАРЦИ" НЕКА БИДЕ КНИГА КОЈА ЌЕ ЈА НОСИШ СЕКОГАШ СО ТЕБЕ. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА МАЛОТО ВНИМАНИЕ ОД ОПШТИНАТА ЗА ТВОЈОТ НАЈДРАГ РОДЕНДЕН И ЗА УБАВИНИТЕ ВО КОИ СИ РОДЕН. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА ДЕТСТВОТО И ТВОЕТО ЧЕКОРЕЊЕ КОН СВЕТОТ НА ВОЗРАСНИТЕ. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА ГРАДОТ ШТО ТЕ САКА, ТВОЕТО РОДНО КАВАДАРЦИ".




ОД ПОЧЕТОКОТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ПА СЕ ДО 20.01.2021 ГОДИНА, ВО ГРАД КАВАДАРЦИ ПОДАРОК ИМААТ ДОБИЕНО 161 ЖИТЕЛ КОЈ НАПОЛНИЛ 18 ГОДИНИ. ИСТО ТАКА ПОДАРЕНИ СЕ КНИГИ И ВО СЕЛАТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ:

-С.ВОЗАРЦИ - 3
- С.ВАТАША - 9
- С.СОПОТ - 4
- С.ДРЕНОВО - 2
- С.ЛИНОВО 1 И
- С. ШИВЕЦ 1.

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ССЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ АПЛИЦИРАШЕ И ОБЕЗБЕДИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 190.000 ДЕН ЗА ПОДИГАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ. СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ВЛАДА НА РСМ И ИСТИТЕ ЌЕ СЕ ИСКОРИСТАТ ЗА ПАДИГАЊЕ НА НОВИ ПОВРШИНИ ВО ДВОРОТ НА ССЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ КОИ ЌЕ СЛУЖАТ ЗА НАСТАВНО НАУЧНИ ЦЕЛИ И ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА НОВ ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ. ПОВРШИНИТЕ ЌЕ БИДАТ ВО ВИД НА ЛЕИ И ВО НИВ ЌЕ БИДАТ ПОСАДЕНИ ОКОЛУ 40 РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА ДРВА И ГРМУШКИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО ВЛОЖУВА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ОБЈЕКТИТЕ ОД ОБРАЗОВАНИЕТО. СЕ ОДВИВААТ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ВО ДВОРОТ И НА ЗГРАДАТА НА СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КИРО СПАНЏОВ-БРКО".

НА ПОВРШИНА ОД 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ НА ДЕЛ ОД ДВОРНАТА ПОВРШИНА ПРЕД ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ ОД ИСТОЧНАТА СТРАНА НА ОБЈЕКТОТ. СО ОВОЈ ЗАФАТ СЕ УРБАНИЗИРАШЕ ПРОСТОР КОЈ ПРЕТХОДНО БЕШЕ РУИНИРАН И ОШТЕТЕН. ЗА ОВАА НАМЕНА СЕ ИНВЕСТИРАНИ СРЕДСТВА ВО ВРЕДНОСТ ОД 661.060,00 ДЕНАРИ.

ПАРАЛЕЛНО СО ОВА СЕ ИЗВЕДУВАА И ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЅИД И ПОСТАВУВАЊЕ НА БУЊА СО ЛЕГНАТИ ИВИЧЊАЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 125 МЕТРИ, ЗА ШТО СЕ ИНВЕСТИРАА СРЕДСТВА ВО ВРЕДНОСТ 219.504,00 ДЕНАРИ.

СЕРИОЗЕН ГРАДЕЖЕН ЗАФАТ СЕ ИЗВЕДУВА И ВО САМАТА ЗГРАДА КЕДЕ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЕДЕН ОД КАБИНЕТИТ-РАБОТИЛНИЦА КАДЕ СЕ ИЗВЕДУВА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ. ОВДЕ СЕ ОБНОВУВА ДЕЛ ОД ОШТЕТЕНИОТ ПОКРИВ, А СЕ ВРШИ И МОЛЕРИСУВАЊЕ НА ЅИДОВИТЕ. ЗА ОВАА НАМЕНА УЧИЛИШТЕТО И ОПШТИНАТА ИНВЕСТИРААТ СУМА ОД 558.706,00 ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ВО ДВОРОТ БЕШЕ ФИРМАТА „ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ", ВО КАБИНЕТОТ РАБОПТЕШЕ ФИРМАТА „МУЛТИГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ", ДОДЕКА ОПРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ПАТИО МОНТ" ГО САНИРТАШЕ ЅИДОТ.



# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА



ВО ПОУ„СТРАШО ПИНЏУР"-С.ДРЕНОВО СЕ НАПРАВИ ВНАТРЕШНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ГРЕЕЊЕ . СЕГА СОСТОЈБАТА НА УЧИЛИШТЕТО Е ЦЕЛОСНО ПРОМЕНЕТА И ИМАМЕ МОДЕРЕН УЧИЛИШЕН ОБЈЕКТИ КОЈ ОДГОВАРА НА ПОТРЕБИТЕ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ. ЦЕЛОСНО СЕ ПРОМЕНИ СИСТЕМОТ НА ГРЕЕЊЕ ШТО ЗНАЧИ ПРОМЕНАТА Е ДОБРА ЗА ОБЈЕКТОТ, ЕКОНОМСКИ Е ИСПЛАТЛИВО, А ЗДРАВО Е И ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,- НО ПОСТОЈАНО ИМА ПРОСТОР ЗА НОВО ИНВЕСТИРАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НИЕ И ПОНАТАМУ ЦЕЛОСНО ЌЕ БИДЕМЕ ПОСВЕТЕНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ МНОГУ ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО.
УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПОУ„СТРАШО ПИНЏУР„С.ДРЕНОВО ИМААТ МОЖНОСТ ДА УЧАТ И РАБОТАТ ВО ПОДОСТОЈНИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ .

АНГАЖИРАНАТА ФИРМАТА„ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ„ СПРОВЕДЕ РАБОТНА АКТИВНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ОГРАДА ВО ДВОРОТ НА ПП„СТРАШО ПИНЏУР"-С. МАРЕНА.
ВО ПП ВО С. МАРЕНА Е ПОСТАВЕНА СООДВЕТНА МЕТАЛНА ОГРАДА СО ШТО УЧИЛИШТЕТО ДОБИ ЕДЕН НОВ ИЗГЛЕД КАДЕ ДЕЦАТА ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ ПРИЈАТНО И БЕЗБЕДНО.



# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ОБЈЕКТИТЕ ОД ОБРАЗОВАНИЕТО, РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСВЕТЛУВАЊЕТО И ПОДОТ ВО ХОДНИК.

ОПШТИНАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСВЕТЛУВАЊЕТО ВО СИТЕ ПРОСТОРИИ КАКО И ВО СПОРТСКАТА САЛА ВО ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ИНВЕСТИРАШЕ СУМА ОД 818.884 ДЕНАРИ. ОВИЕ СРЕДСТВА БЕА НАМЕНЕТИ ЗА ЦЕЛОСНА ЗАМАН НА СТАРИТЕ НЕОНСКИ СВЕТИЛКИ СО НОВИ ЛЕД ПАНЕЛИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ БЕШЕ СКОПСКАТА ФИРМА „ЛАЈТ ХАУС".



ПАРАЛЕЛНО СО ОВА ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ВАЛАВСКИ" ОД РАДОВИШ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДОТ ВО ХОДНИК НА ОБЈЕКТОТ, КАКО И ЗАМЕНА НА ВЛЕЗНИТЕ ВРАТИ ВО ШЕСТ УЧИЛНИЦИ. ПРИ ШТО СЕ ИНВЕСТИРАНИ ВКУПНИ 150.000 ДЕНАРИ.

СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВИЕ ДВА ПРОЕКТИ СОЗДАДЕНИ СЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ОДВИВАЊЕ НА НАСТАВАТА И ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ГИМНАЗИЈАТА.



ГИМНАЗИЈАТА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА.

НА ПОВРШИНА ОД 60 МЕТРИ КВАДРАТНИ ИЗВЕДЕНИ СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПРОСТОРИЈАТА, САНИРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ ЅИДОВИ И МОЛЕРИСУВАЊЕ, СО ШТО ПРОСТОРИЈАТА НА БИБЛИОТЕКАТА Е ЦЕЛОСНО ОБНОВЕНА.

ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА Е ПРОЕКТИРАН И НАБЕВЕН НОВ МЕБЕЛ И СТАЛАЖИ ОД КАВАДАРЕЧКАТА ФИРМА „ИНТЕРПРОЕКТ ДИЗАЈН СТУДИО".

ЗА ОВАА НАМЕНА ОПШТИНАТА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ИНВЕСТИРАШЕ 338.658 ДЕНАРИ.

УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ВО ГИМНАЗИЈАТА РАСПОЛАГА СО ФОНД ОД 12.000 КНИГИ.

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk